Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli i këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Бр. - Nr. 0304-363
02.11. 2020 год./viti
Скопје - Shkup

Архивски знак _____
Рок на чување _____ год.
_____ год.
Потпис _____

ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-72
Датум: 27.10.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	РСМ, Национална установа - Ансамбл на албански народни ора и песни во РСМ-Скопје
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на жиро сметка на субјектот	
Банка депонент	Народна банка на РСМ-Скопје

Одговорно/и лице/а на субјектот:

Име и презиме: директор	Телефон:	Е-пошта:

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	19.10.2020 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	11.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	22.10.2020 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15.00
Назив на објектот-инсталацијата каде се врши	Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор – Објект „Нова Македонија“,		

Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

надзорот	трети кат, канцеларија 323 и канцеларија 321 и 327 каде што се времено сместени вработените на Установата
Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Изведувачка уметност (шифра 90.01)
Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје

3) Инспекцискиот надзор е извршен по Налогот бр. 57-72 од 6.10.2020 г., издаден од главниот инспектор за вршење вонреден инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзорот НУ – Ансамбл на народни песни и ора во РСМ-Скопје, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата согласно со наводите од Претставката од лицето од с. со место на живеење на ул. Скопје, заведена во Министерството за култура под УПП бр. 3-8 од 10.9.2020 година, а препратена на одговор и надлежност до Секторот за управен и инспекциски надзор на МК од службеното лице овластено за постапување по преставки во МК, со Допис УПП бр. 03-8 од 2.10.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ. Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор НУ- Ансамбл на народни песни и ора во РСМ, Скопје од аспект на примена на одредбите од член 70, 70-а став (4) и (5) и член 77-е став (2) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а врз основа на наводите од Преставката УПП бр. 3-8 од 10.9.2020 г., поднесена од лицето с. Скопје.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
, директор на Установата, , соработник за правни работи, ангажирана со Договор за дело бр. 0307-106 од 7.2.2020 г., и , помошник за маркетинг и меѓународна соработка, ангажиран со Договор за дело бр. 0307-108 од 7.2.2020 г.,		

8)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

Согласно со член 29 став (1) и (2) од Законот за културата, по пат на Јавен оглас, за директор на Установата со Решение бр. 44-12628/2 од 13.11.2019 г., на министерот за култура за директор е избран со мандат од 4 години.

Додека, согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, со Решение бр. 43-5230/1 од 27.4.2018 г., 43-5885/1 од 7.5.2018 г. и 644-662/3 од 22.1.2020 г., на министерот за култура, именувани се претседател и членови на Управен одбор на Установата (**во натамошниот текст: УО**), и тоа: , претседател од редот на истакнати поединци од областа на културата, член од редот на локалната самоуправа, член на УО од редот на истакнати поединци од областа на културата, како и и членови од редот на вработените во Установата.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

9.1.Во однос на дел од наводите од точка 2 во Преставката, коишто се однесуваат на неправилности во делот на спроведување на постапката за аудиција утврдено е дека:

Согласно со член 36 став (1) точка 11 од Законот за културата, УО има донесено Правилник за аудициите на НУ – Ансамбл на албанските народни ора и песни во РСМ-Скопје, заведен под број 0201-85 од 20.5.2019 г., со кој што се регулира начинот на спроведување на аудиција заради засновање на работен однос, заради распоредување и унапредување, како и во други случаи на укажана потреба за аудиција. На седницата на УО, одржана на 5.6.2019 г., донесена е Одлука бр. 0201-139 од 6.6.2019 г., за измени и дополнувања на Правилникот за аудиција. Конкретно, во членот 10 од Правилникот за аудиција додаден е нов став во којшто се утврдува како ќе постапува Комисијата во услови кога, ниту еден од кандидатите не ги исполнува условите утврдени во Правилникот, поради што е донесен Пречистен текст на Правилник за полагање на аудиција во НУ-Ансамл на албанските ора и песни во РСМ, заведен под бр. 0201-140 од 6.6.2019 г., кој што е во примена.

Но, при извршениот увид во текстот на пречистениот Правилник, во членовите 9, 10, и 11 од истиот, забележани се одделни отстапки во споредба со основниот текст, без притоа да бидат извршени соодветни измени и дополнувања со одлуки на УО.

При спроведувањето на постапката за аудиција, имајќи предвид дека станува збор за новооснована установа во која нема раководни вработени лица, од страна на Министерството за култура согласно со член 77-ѓ став (4) од Законот за културата, со Решение бр. 18-6519/2 од 19.6.2019 г., на министерот за култура, за членови на Комисијата биле именувани: директор на НУ- Центар за култура „Кочо Рацин", Кичево), за претседател, директор на НУ- Ансамбл „Танец" од Скопје), и (редовен професор на Универзитетот во Тетово), за членови.

Додека, според член 5 од Правилникот за спроведување на постапката за аудиција по објавениот оглас за вработување бр. 1/2019, на којшто се повикува подносителот на Претставката, со Одлука бр. 0204/176 од 28.6.2019 г., на тогашниот в.д. директор формиран бил и стручен тим на уметници, за спроведување на постапка за аудиција во состав од пет члена. Согласно со член 4 став (2), составен дел на овој Правилник била и Програмата за аудиција која што требало да им биде достапна на кандидатите со објавување на огласот за вработување, а во којашто

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

биле утврдени основни, но и задолжителни критериуми според кои комисиите ќе вршат проверка, односно аудиција за играорци-уметници, инструменталисти-уметници и пеачи-уметници.

Според член 12 од Правилникот, Комисијата за спроведување аудиција при постапката за вработување во Установата, од седницата одржана на ден 21.6.2019 г., во просториите на НУ – Центар за култура „Иљо Антески - Смок", Тетово, со почеток во 10.30 часот, а во врска со објавениот Јавен оглас бр. 1/2019 за вработување на 37 лица од кои 9 на работно место музичари, инстументалисти, 20 лица на работно место играорци и 8 лица на работно место пеачи, има составено Записник бр. 0204-172 од 24.6.2019 година. Според Записникот, постапката за аудицијата била спроведена во два дела: процедурален и работен дел, при што на крајот до директорот бил доставен формулар од гласањето на Комисијата со предлог за избор на кандидат од сите три категории на уметници.

Исто така, согласно со член 4 став (3) Правилникот, аудицијата била јавна и од истата според Записникот на комисијата, изработен е запис на ЦД.

При надзорот, според презентираната документација, утврдено е дека по објавениот Јавен оглас бр. 1/2019 за вработување на 37 лица од кои 9 на работно место музичари, инстументалисти, 20 лица на работно место играорци и 8 лица на работно место пеачи, била спроведена постапка за аудиција согласно со одредбите од Правилникот за аудиција кој што е во примена, со напомена дека од аспект на оцената на уметничките способности на пријавените кандидати на огласот, инспекторот неможе да утврдува, односно да навлегува во стручноста и во работата на членовите на Комисијата за спроведување на постапка за аудиција.

9.2.Во однос на наводите од точка 3 од Претставката, во коишто подносителот укажува дека директорот на Установата, носел одлуки за проекти без претходна согласност на УО, утврдено е следното:

Согласно со обврската од членот 70 од Законот за културата, според којашто директорот на Установата во јуни во тековната година за наредната година донесува нацрт-годишна програма за работа на Установата и која што содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности, при надзорот на увид е презентиран образец за Нацрт-годишна програма за работа на Установата донесена од пртходниот в.д. директор, заведена под бр. 0204-174 од 28.6.2019 година. На 29.11.2019 година, извршени се измени и доплнувања на Нацрт-

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

годишната програма за работа, под број 0302-409 од 29.11.2019 г., на кои што УО има дадено согласност со Одлука бр. 0201-410/01 од истиот датум.

Во месец јануари директорот на Установата ја донел Годишната програма за работа на Установата за 2020 година заведена под број 0201-05/02 од 27.1.2020 година и на истата согласно со член 36 став (1) точка 3 од Законот за културата, УО со Одлука бр. 0201-05/01 од истиот датум ја дал потребната согласност на Годишната програма.

9.3.Во врска со наводите на подносителот од точка 4 во предметната Претставка, дека директорот на Установата, противзаконски потрошил 500.000 денари, преведени од Буџетот на РСМ преку МК, за учество на фестивал во Црна Гора, наместо за учество на фестивал во Италија, утврдено е следното:

Согласно со Договорот бр. 33-2653/1 од 25.2.2020 година, за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Установата од областа на меѓународната соработка и соработка со УНЕСКО за 2020 година, на Установата и се одобрени средства во вкупен износ од 1.200.000 денари од кои 800.000 денари за реализација на Проектот – „Учество на меѓународен фолклорен фестивал во Ариценто, Италија" (патни и дневни трошоци, трошоци за осигурување), и 400.000 денари за реализација на Проектот – „Учество на меѓународен фолклорен фестивал во Валона, Албанија" (патни и дневни трошоци, трошоци за осигурување).

Од причина што во меѓувреме организаторот на фестивалот во Ариценто, Италија, го откажал настанот поради пандемијата од вирусот COVID 19, што ја зафати Република Италија, со Допис бр. 0402-143 од 27.2.2020 година, Установата се има обратено до Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО на Министерството за култура, со барање дел од средствата во износ од 400.000 денари (од одобрените 800.000 денари) наменети за Проектот – „Учество на меѓународен фолклорен фестивал во Ариценто, Италија" (**патни и дневни трошоци, трошоци за осигурување**), да бидат пренаменети за гостување на фестивал во Туз, Црна Гора во период од 7-8 март 2020 година, а 400.000 денари за гостување на фестивал во Тирана, Албанија.

По претходно позитивно мислење за пренамена на средствата дадено од страна на Комисијата за меѓународна дејност при МК, со Извештај бр. 33-2653/3 од 13.3.2020 година, од страна на министерот за култура со Допис бр. 33-2653/4 од 16.3.2020 година, ја одобрил пренамената на овие средства.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

За учеството на фолклорниот фестивал во Туз, Црна Гора, до Секторот за меѓународна соработка и соработка со Унеско, Установата доставила Оперативен и финансиски план за користење на буџетските средства за овој Проект по намени, додека со Решение бр. 33-2653/7 од 24.6.2020г., на министерот за култура, преведени се 400.000 денари.

За реализација на овој Проект и за потрошените средства, до горецитираниот Сектор, Установата доставила Образец за наративен и финансиски Извештај заведен под број 0305-330 од 30.9.2020 година со спецификација на вкупно потрошените средства по намени и тоа:

-59.828 денари за патни трошоци за соработници и надворешни уметници (тројца инструменталисти, тројца играорци);

- 85.000 денари за кореограф, по Ф-ра од Авторска агенција

-43.502 денари за корепетитор на лицето платени на транскациска сметка

- 30.000 денари, за оркестрации по Ф-ра од Авторска агенција

-35.000 денари, за мајстор на фонија по Ф-ра од Авторска агенција Скопје;

-37.000 денари, за видео презентација, промоција и реклама на социјални мрежи по Ф-ра од Авторска агенција

-29.970 денари, платени на физичко лице по Договор за подготовка на дизајн за потребите на Проектот;

-9.600 денари за дневници за лицето директор на Установата,

-60.000 денари платени за превоз на патници на релација Скопје –Туз-Скопје, по ф-ра бр. 004/2020 од 10.7.2020 г., издадена од Туристичка агенција Скопје;

-10.100 денари платени за набавка на плакети и покани, по ф-ра 27/2020 од 5.3.2020 г., издадена од

Видно од доставениот Извештај, како и презентирана документација при надзорот, дел од преведените средства во износ од 270.572 денари, потрошени се

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

ненаменски, односно за кореограф, корепетитор, оркестрации, тон мајстор, дизајн за потребите на проектот, за видео презентација, промоција и реклама на социјални мрежи и за набавка на плакети и покани, додека за намената согласно со Договорот, односно за патни и дневни трошоци и трошоци за осигурување, потрошени се средства во износ од 128.428 денари.

Според изјавите на присутните лица, поради пандемијата од болеста COVID -19, од страна на организаторот, откажан е и концертот, односно Фолклорниот фестивал во Тирана, Албанија.

Воедно, поради пандемијата откажан е и фестивалот во Валона, Албанија, поради што Установата со Допис бр. 0302-319 од 14.9.2020 година, побарала од надлежниот Сектор за меѓународна соработка на МК, одобрените средства во износ од 400.000 денари наменети за овој проект, да бидат пренаменети за учество на Фестивал во Рожаје, Црна Гора во период од 21-22 ноември 2020 година, а за што на увид е презентирана Покана за учество на овој меѓународен фолклорен фестивал. До денот на вонредниот инспекциски надзор не е добиена потребната согласност од МК за пренамена на овие средства.

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:

-Установата има спроведено постапка за аудиција по објавениот Јавен оглас бр. 1/2019 за вработување на 37 лица - уметници од кои 9 на работно место музичари, инстументалисти, 20 лица на работно место играорци и 8 лица на работно место пеачи, согласно со пречистен текст на Правилникот за полагање на аудиција во НУ-Ансамл на албанските ора и песни во РСМ, заведен под бр. 0201-140 од 6.6.2019 г., и согласно со член 77-е став (2) од законот за културата, со напомена дека од аспект на оцената на уметничките способности на пријавените кандидати на огласот, инспекторот неможе да утврдува, односно да навлегува во стручноста и во работата на членовите на Комисијата за спроведување на постапка за аудиција;

-Согласно со обврската утврдена во членот членот 70 од Законот за културата, според којашто директорот на Установата во јуни во тековната година за наредната година донесува нацрт-годишна програма за работа на Установата и која што содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности, при надзорот на увид е презентиран образец за Нацрт-годишна програма за работа на Установата донесена од пртходниот в.д. директор,

заведена под бр. 0204-174 од 28.6.2019 година. На 29.11.2019 година, извршени се измени и доплнувања на Нацрт-годишната програма за работа, под број 0302-409 од 29.11.2019 г., на кои што УО има дадено согласност со Одлука бр. 0201-410/01 од истиот датум. Додека, согласно со ставот (7) од истиот член, во месец јануари директорот на Установата ја донел Годишната програма за работа на Установата за 2020 година заведена под број 0201-05/02 од 27.1.2020 година и на истата согласно со член 36 став (1) точка 3 од Законот за културата, УО со Одлука бр. 0201-05/01 од истиот датум ја дал потребната согласност на Годишната програма;

- Од преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за реализација на Проектот - Учество на фолклорниот фестивал во Туз, Црна Гора, во вкупен износ од 400.000 денари, 270.572 денари, потрошени се ненаменски, односно за кореограф, корепетитор, оркестрации, тон мајстор, дизајн за потребите на проектот, за видео презентација, промоција и реклама на социјални мрежи и за набавка на плакети и покани, додека за намената согласно со Договорот, односно за патни и дневни трошоци и трошоци за осигурување, потрошени се средства во износ од само 128.428 денари, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон;

Со оглед на констатираното во **точка 9.3.** од Записникот, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка, односно на одговорното лице (директорот) во Установата, **ќе му биде понудена постапка за порамнување, со изречена глоба за сторен прекршок преку издавање на прекршочен платен налог,** за сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, што е казнив по член 91-а став (1) алинеја 7 и став (2) од истиот Закон, односно за ненаменско користење на дел од добиените средства од Буџетот на РМ, преку МК во 2020 година, согласно со Законот за културата и Законот за прекршоците.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

10.) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- _____

- _____

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Потпис на претставникот на субјектот на надзор: директор		Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор	
Датум:	10.2020 г.	Датум:	27.10.2020 г.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk